БЛУПРИНТ ГРУПА
за реформи во правосудството

# ЕФИКАСНА КРИВИЧНА ПРАВДА: ПРЕГЛЕД НА ПРЕДМЕТИТЕ ИНИЦИРАНИ ОД СЈО

СКОПЈЕ, 2020

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ЕФИКАСНА КРИВИЧНА ПРАВДА: ПРЕГЛЕД НА ПРЕДМЕТИТЕ ИНИЦИРАНИ ОД СЈО

Издавач:
Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ – Скопје

За издавачот:
Натали Петровска - извршна директорка на Коалицијата Сите за правично судење

Уредник:
Ивана Петковска

Автори:
Натали Петровска – *Коалиција Сите за правично судење*
Сибел Амет – *Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија*
Жарко Хаџи-Зафиров - *Центар за правни истражувања и анализи*

Лектор:
Дениз Тесторидес

Графички дизајн:
Даниел Митковски

Печатење:
Графохартија

*CIP - Каталогизација во публикација*
*Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје*

*347.963(497.711)(047.31)*
*343.1:347.963(047.31)*

*ПЕТРОВСКА, Натали*
*Ефикасна кривична правда : преглед на предметите иницирани од СЈО / [автори Натали Петровска, Сибел Амет, Жарко Хаџи-Зафиров]. - Скопје : Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење", 2020. - 32 стр. : илустр. ; 25 см*

*Фусноти кон текстот. - Содржи и: Анекс I*

*ISBN 978-608-4552-45-1*

*1. Амет, Сибел [автор] 2. Хаџи-Зафиров, Жарко [автор]*
*а) Специјално јавно обвинителство (Скопје) - Предмети - Истражувања б) Кривична постапка - Предмети на СЈО - Истражувања*

*COBISS.MK-ID 112442890*

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# Содржина


ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ ........ 1

Цел и предмет на анализа ........ 1

Користена методологија ........ 2

Структура на анализата ........ 3

НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА ........ 4

Дел 1: Преглед на судски постапки ........ 4

1.1. Распределување на предмети ........ 4

1.2. Динамика на работа на судските предмети ........ 8

1.3. Причини за одложување на рочиштата ........ 14

1.4. Својството на обвинетите лица во постапките ........ 20

Дел 2: Измени на Кривичниот законик и ефектот врз предметите на СЈО ........ 21

2.1 Што донесоа измените? – Анализа на законската рамка ........ 21

ЗАВРШНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ........ 25

АНЕКС I ........ 26

# ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

## Цел и предмет на анализа

Длабоката политичка криза што настана во Република Северна Македонија, проследена со континуирана дисфункционалност на редовното Јавно обвинителство, но и наметнатите политички влијанија врз него беа главна причина во 2015 година да биде формирано посебно ад хок тело кое ќе има улога да ја санира дотогашната „штета“ од повеќегодишната, општоприфатена политика и практика на неказнивост, а особено на високите политички елити и функционери во државата. По случувања во Специјалното јавно обвинителство во август 2019 година, кои кулминираа со апсење на Специјалниот јавен обвинител и покренување обвинение за извршени две кривични дела – примање награда за противзаконито влијание и злоупотреба на службена положба и овластување, СЈО де факто престана да постои, а надлежностите беа „префрлени“ на редовното Јавно обвинителство. Тргнувајќи од релевантноста на проблемот, кој е централно прашање на оваа анализа – ефикасноста на кривичната правда, се поставува прашањето за капацитетите на судот за водење на овие постапки, односно што е тоа што остава впечаток за јавноста, стручна и лаичка, дека правдата не е задоволена.

Продолжувајќи ја својата заложба за надгледување и учество во спроведувањето на квалитетни, инклузивни и транспарентни реформи, граѓанските организации кои работат во областа на правосудството и се дел од Блупринт групата за реформи во правосудството ја направија оваа анализа која ја опфаќа динамиката на водење на предметите на СЈО пред Кривичниот суд Скопје, давајќи осврт на капацитетите на судот и Јавното обвинителство, воедно анализирајќи ги законските измени во Кривичниот законик кои имаат потенцијален ефект врз дел од предметите кои беа поведени од СЈО.

Блупринт групата за следење на реформите во правосудството ја сочинуваат Институтот за човекови права, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, Коалицијата „Сите за правично судење“, Македонското здружение на млади правници, Институтот за европски политики, Центарот за правни истражувања и анализи и Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Примарна истражувачка цел на овој документ е да се анализира начинот на водење на постапките иницирани од СЈО, преку што би се добил јасен преглед на начинот на водење на овие постапки пред Основниот кривичен суд, идентификувајќи ги недостатоците при постапувањето на судот и Јавното обвинителство, и

опасностите за повреда на принципот на владеење на правото со вкоренување на концептот на неказнивост на висока корупција во Република Северна Македонија.

Оваа анализа е изготвена во рамките на продолжувањето на заедничката акција за следење на реформите во правосудството на Блупринт групата со наслов „За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2019 – 2020“ која се реализира со поддршка на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Оваа заедничка акција произлезе од потребата за продолжување на напорите за транспарентно, навремено и отчетно спроведување на реформите во правосудниот сектор. Општа цел на акцијата е зголемено учество и влијание на граѓанските организации во процесот на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството (2017 – 2022) и зајакнување на независноста и непристрасноста на судството особено со оценување на почитувањето на временската рамка утврдена со Акцискиот план, транспарентноста на процесот, транспарентноста и инклузивноста, оценување на квалитетот на предложените закони и политики, и степенот на реализирање на целите поради кои тие се донесени и влијаење на процесот на реформи во правосудството преку изработка и доставување на препораки засновани на докази за предложените закони и политики и унапредување на јавната дебата.

## Користена методологија

Областите кои се предмет на оваа анализа се судските постапки иницирани од СЈО, односно преглед на распределувањето на предметите, динамиката на работата во судските предмети, причините за одложување на рочиштата, својството на обвинетите лица во постапките и измените на Кривичниот законик и ефектот врз предметите на СЈО.

Методологијата со која се прибираа податоците за изготвување на анализата вклучува преглед на документацијата и статистичките податоци, односно преглед на податоците достапни од судските постапки кои беа покренати како резултат на снимките од незаконското прислушување, преглед на Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017 – 2022 година со Акциски план, План 18, Единствениот национален електронски регистар на прописи (https://ener.gov.mk), на релевантни институции (Министерство за правда, Собрание на Република Северна Македонија, Основен кривичен суд Скопје, Министерство за финансии).

За прибирање податоци се користи и методот на непосредно набљудување на судските постапки пред Кривичниот суд. За обработка на собраните податоци беше спроведена квалитативна, квантитативна и нормативна анализа.

## Структура на анализата

Анализата започнува со воведни забелешки во кои се сумираат целта и предметот на анализата и користената методологија за прибирање и анализа на податоците. По воведните забелешки, анализата продолжува со суштината и наодите од анализата. **Првиот дел** е посветен на судските постапки иницирани од СЈО. Во **вториот дел** се анализираат донесените измени на Кривичниот законик и нивниот потенцијален ефект врз постапките на СЈО.

Документот завршува со сумарни заклучоци и препораки кои произлегуваат од направената анализа.

Во Анексот на оваа анализа се претставени графички прикази за динамиката на движењето на предметите, и тоа конкретно на овие предмети коишто според состав на совет, интензитет и обем на доказен материјал и сл. се можеби најпроблематични, а воедно се евидентирани и како предмети во кои судењата најчесто се одлагаат.

# НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА

## Дел 1: Преглед на судски постапки

### 1.1. Распределување на предмети

Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, кој претставува интегриран компјутерски систем во кој се запишуваат сите судски дејствија е воведен во 2009 г., а врз негова основа, односно според програмата со која се управува, се извршуваат работите во сите судови во Република Северна Македонија.

Согласно чл. 174 од Судскиот деловник, автоматската распределба на предметите во судот се врши преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети на таков начин со што се обезбедува секој судија во судот да добие во работа подеднаков број на предмети по дефинирани критериуми од Работното тело за стандардизација во Врховниот суд на Република Македонија. Претседателите на судовите во РСМ определуваат кои критериуми во автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети се користат при автоматската распределба на предметите во секој оддел. Она што е од особено големо значење во насока на ефикасно работење и правилно, односно оптимално утврдување на капацитетите на судиите е фактот што претседателот на судот е одговорен за рамномерното распределување на предметите кај судиите.

При процесот на распределба на предметите, со оглед дека тој е автоматизиран, во одредени исклучителни ситуации е дозволено вмешување на човечкиот фактор за да биде соодветно спроведена распределбата на предметите. Па така, доколку настане ситуација одреден судијата да биде исклучен од прием на нови предмети односно автоматската распределба на предметите (на пример изземање), претседателот на судот донесува одлука која содржи наредба за исклучување, а во неа се наведуваат и причините за исклучувањето, по што тој судија се елиминира од потенцијалните судии кои би биле распределени за конкретен предмет. Во друга ситуација пак (чл. 179 од Судски деловник), кога судија повеќе не работи со одреден вид предмети (разрешен, распореден во друг оддел, распореден на друг вид предмети, подолго отсуство и сл.), претседателот на судот донесува изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судот. Годишниот распоред за работењето на судиите, односно за нивната распределба, го донесува претседателот на судот најдоцна до 31 декември во тековната година за следната година. На тој начин се утврдува годишниот распоред за работа на судот, а по претходно добиено мислење на седница на судиите, односно Општата седница на

Врховниот суд на Република Македонија, согласно закон. Прераспределбата, пак, на предметите кои ги работел судијата кој повеќе не постапува, може да биде извршена со доделување на сите предмети на одреден судија (најчесто тоа е новоизбран или нораспореден судија во тој оддел), или ако не е одреден судија, преку автоматска прераспределба на сите предмети од судијата на сите судии во одделот кои работат со тој вид предмети.

Автоматската распределба на предметите (член 181) се спроведува преку три предвидени модели кога станува збор за новоизбран или нораспореден судија, а претседателот на судот е тој кој одлучува за тоа кој модел ќе биде применлив во конкретниот случај. Првиот модел подразбира доделување на сите предмети на одреден судија (најчесто новоизбран или нораспореден судија во тој оддел, или според видот на предметот), кој ги добива во работа сите неархивирани предмети од друг судија (нерешени и решени предмети за кои постапката продолжува). Согласно вториот предвиден модел, судијата добива само новоформирани предмети преку вклучување на судијата во автоматската распределба на предмети со иницијална вредност, кој претставува процент (процентот е определен од страна на претседателот на судот). Третиот модел, пак, подразбира прераспределба на предмети доделени на судии кои работат со тој вид предмети. Притоа, се има предвид дека предметите во кои е заклучена расправата, претресот или седницата на советот, како и повторно заведените предмети, да не се прераспределуваат.

Кога станува збор за предметите кои се иницирани од СЈО, а кои во голема мера се наоѓаат во Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд во Скопје, мора да се напомене фактот дека тие беа иницирани на неколку конкретни датуми, поточно за дел од нив се поднесени обвиненија на 29.6.2017 г., за дел на 30.6.2017 г., а само едно обвинение е поднесено на 5.4.2017 г. По нивното поднесување во суд, следеше фазата на оцена на обвинението, неговото одбивање или одобрување, односно влегување во сила. Со завршувањето на оваа фаза, обвинението се трансформира во судски предмет кој добива свој број и понатаму се распоредува кај конкретен судија согласно наведените модели на распределување. Имајќи го предвид фактот дека во моментот на поднесување и одобрување на овие обвиненија составот на судиите во Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд беше драстично поразличен од овој денес, предметите претрпеа промени во однос на судечките совети. Имено, согласно судскиот деловник, претседателот на судот има можност еднаш годишно да изврши промена на распоредот на судии по одделенија, па така, не навлегувајќи подлабоко во изминатиот временскиот период, предмет на анализа ќе биде периодот од поднесување на обвиненијата за овие предмети – 2017 г., односно првата промена која е направена по нивното поднесување.

Земајќи го како почетна основа месецот јуни 2017, кога всушност и се поднесени најголемиот број на обвиненија, а не занемарувајќи го при тоа периодот за одлучување од поднесување до одобрување на обвиненијата, првите предмети се распределени кај судии во текот на октомври/ноември 2017 г. Но, со изборот на новиот претседател на судот во месец ноември 2017 г., и со неговата одлука два месеци подоцна да креира нов годишен распоред[1] во 2018 г., веќе распоредените судии се менуваат од причина што дел од нив заминуваат од ова одделение. Па така на пример, предметите од двајца судии кои постапуваа во овие предмети се прераспределени кај други двајца судии кои веќе работат во тоа одделение и одлучуваат по претходно добиени предмети на СЈО. Овие промени несомнено подоцна ќе се утврди дека влијаат на должината на траење и квалитетот на постапките од причина што новоназначените судии во овие предмети се судии коишто постапуваат заедно во совет, кога станува збор за предмети во кои треба да одлучува совет на судии.[2]




Според јавно достапните информации од месечните извештаи на Основниот кривичен суд, Одделението за организиран криминал и корупција во изминатите 5-6 години бележи различен годишен обем на работа. Со исклучок на 2016 г. кога отсуствуваат какви било податоци за обемот на работа на судот, бидејќи тие не се јавно објавени на нивната веб-страница, највпечатлив е податокот што во годината кога се поднесени сите (дваесетина) обвиненија од страна на СЈО, во овој суд е евидентиран годишен прилив на вкупно 64 предмети од областа на организираниот криминал и корупција.

[1] Соопштение за јавност од 12.01.2018 г. достапно на http://www.sud.mk
[2] Чл. 25 ЗКП: Во прв степен судовите судат во совети составени од двајца судии и тројца судии-поротници за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор, а во совети составени од еден судија и двајца судии-поротници за кривични дела за кои со закон е пропишана поблага казна. За кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до пет години, во прв степен суди судија поединец.

Поднесени предмети




*Извор: Годишни и месечни извештаи на Основниот кривичен суд во Скопје*

Меѓутоа, она што дополнително привлекува внимание, покрај намалениот обем на работа, е и намалениот број на судии во ова Одделение од 2018 г. па до денес. Имено, во периодот од 2013 до 2016/2017 година, бројот на судии кои постапуваат во ова Одделение е 12, за во последниве две години оваа бројка да биде намалена на 9.

Распоредувањето на судиите во оддели и нивното групирање во совети, кога е неопходно еден предмет да биде воден од совет на двајца судии и тројца судии-поротници, е особено важен сегмент во менаџирањето со судските предмети. Тоа е важно од причина што доколку еден оддел, за кој според систематизација е утврден соодветен број на човечки кадар –судии, не располага со тој број, ефикасноста на неговото работење директно ќе се одрази при работењето со судските предмети, квалитетот на постапките и сл. Недостатокот на судии во Основниот кривичен суд во Скопје е констатирано и во извештајот[3] на Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник при последниот спроведен увид (9.03.2019 г.), каде што стои дека систематизацијата предвидува бројот на судии за овој суд да е 73, за непречена и оптимална работа на судот, но во моментов овој суд има само 49 судии. Дополнително, освен претпоставениот оптимален број на судии кој е неопходен за редовно и нормално функционирање на судот, потребно е и нивно соодветно и прецизно распоредување во рамки на советите. Имено, во моментов, во Одделението за организиран криминал и корупција постапуваат 9 судии кои формираат 4 константи совети и еден совет во којшто судијата член на совет ротира. Во рамките на овие 4 совети, судечките судии имаат различен обем на предмети водени од СЈО. Поточно, судиите Огнен Ставрев и Осман Шабани имаат по 3 предмети, а истовремено се и заедно во совет, судиите Владимир Туфекџиќ и Џенета Бектовиќ имаат по 2 предмета и исто така се во совет, судијката Добрила Кацарска има(ше) 3 предмети, меѓутоа нејзиниот колега-член на совет во овие предмети не е во совет со ниту еден од останатите судии кои исто така имаат предмети на СЈО. Понатаму,

[3] Записник од увид во Основниот суд Скопје 1 во Скопје, арх. бр. 08-1417/2 од 16.04.2019 г. достапен на http://www.pravda.gov.mk

судиите Горан Бошевски и Софче Гаврилова-Ефремова имаат само по еден предмет од предметите на СЈО во кои на едниот судија му се преклопува, но на другиот не, членот на советот со кого работи. Од друга страна, имаме и двајца судии кои воопшто немаат предмети кои беа иницирани од СЈО. Токму овој баланс кој е неопходен да се постигне – рамномерното распределување на предметите, особено имајќи предвид дека обвиненијата се поднесени во два последователни дена, е клучно за оптималното искористување на човечките ресурси во рамките на ова Одделение кое на крајот би резултирало со ефикасно и економично водење на постапките. Впрочем, и самиот Судски деловник предвидува консултативни процеси во формат на седница на судии предводени од претседателот на судот и тоа со динамика од најмалку еднаш месечно, а по потреба и состаноци со судската служба во судот, како би се разгледала организацијата на внатрешното работење на судот, распоредот за работа и слично, а особено доколку судот се соочува со предизвици како овие.

## 1.2. Динамика на работа на судските предмети

Начинот на постапување и итноста во предметите кои се иницирани пред судовите во голема мера зависи од видот и основата, но и од околностите кои се однесуваат на секој индивидуален и конкретен предмет. Во Судскиот деловник е предвидено дека приоритет се дава и првенствено се земаат во работа предметите за кои постапката трае подолг временски период и предметите кои врз основа на посебни прописи имаат таков третман, како и предмети за кои претседателот на судот врз основа на поднесено оправдано барање одобрил приоритетно решавање.[4] Кога станува збор за кривичната постапка, првенствено се земаат во работа предмети по кои некое лице е притворено или се наоѓа на издржување казна или по кои некое лице е отстрането од должност или времено му е забрането вршење на определена професија, дејност или должност. За постапување по предметите според редот на приемот или првенственото земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно се грижи судијата кој постапува по предметот, како и претседателот на судот.

Судскиот деловник предвидува изрична забрана за закажување на рочишта за повеќе предмети во ист час (кога станува збор за ист судија), освен во случаите кога се споени повеќе предмети заради спроведување на единствена постапка. Бројот на рочиштата во текот на еден работен ден се определува според траењето на одделни службени дејствија, бројот на повиканите лица, видот и бројот на доказите и сложеноста на постапката, при тоа водејќи сметка работното време на судот и времето на странките да биде рационално искористено. Во секој случај,

[4] Чл. 182 Судски деловник

закажувањето на рочиштата согласно Судскиот деловник, по правило се врши така што рочиштата би се одржувале секој втор ден. Деловникот предвидува[5] дека дејствијата кои ги преземаат судијата и судскиот службеник, а се во врска со движењето на предметите во судот, се преземаат истиот ден, а најдоцна до крајот на наредниот работен ден. Постојат исклучоци од ова правило кои одат во насока на тоа дека кога станува збор за зголемен обем на работа, овие дејствија можат да бидат преземени и надвор од овој предвиден рок, односно најдоцна во рок од пет работни дена од денот кога требало да бидат преземени, но по претходно писмено одобрение од страна на претседателот на судот, односно судскиот администратор. Во оваа насока е предвидено и дека претседателот на судот има можност најмалку еднаш месечно да свикува седници на судии, а по потреба и да одржува состаноци со судската служба во судот, со цел поефикасно извршување на работните задачи во судот, добивање мислење за распоредот за работа, усогласување на работата на одделите, судските совети и судските писарници, подобрување на методите за работа, стручно усовршување и други важни прашања за работата на судот.

Водејќи се од динамиката на закажување на предметите на СЈО, како и од индивидуални високопрофилирани судски предмети, несомнено може да се утврди и поинтензивен процес на работење по овие предмети и исклучок од поставеното правило за закажување, односно одржување на расправите секој втор ден. Имено, безмалку секогаш кога станува за предмети од висок интерес, особено ако тој интерес се преклопува со конкретни општествено-политички околности, предметите се закажуваат интензивно, а судиите се водени од тенденцијата за нивно поскоро завршување. Во првата иницијална фаза на предметите – од поднесување на нивното обвинение (обвинителен акт или предлог), па до негово одобрување, иако Законот за кривична постапка предвидува дека Советот кој одлучува за оцената, закажува седница во рок од 8 дена од приемот на приговорот против обвинителниот акт, односно по истекот на рокот за поднесување приговор против обвинителниот акт, што подразбира релативно брзо одлучување кога би се елиминирал проблемот со евентуална достава на списите до обвинетите, но кога станува збор за обвиненија на СЈО, во просек оваа фаза трае 4-5 месеци. Со тоа што кога ќе се земе предвид дека обвиненијата се поднесени на два последователни датуми (29.6.2019 г. и 30.6.2017 г.), траењето на процесот на одобрување на обвиненијата е различен, па така, во предметите „Таргет-Тврдина“, „Транспортер“, „Тотал“, „Труст“ и „Триста“, обвиненијата се одобрени за 2 до 3 месеци, додека пак во предметите „Тифани“, „Тревник“, „Тендери“, „Титаник“, овој процес траел од 6 до 7 месеци.

[5] Чл. 5 Судски деловник

Протек на денови




*Извор: База на податоци на Коалицијата „Сите за правично судење“*

Следната фаза, пак, од одобрување на обвинителниот акт до почеток на судењето, иако Законот за кривичната постапка предвидува дека главна расправа се закажува во рок од 30, односно 60 дена (за предмети од областа на организиран криминал) од денот на приемот на обвинителниот акт во судот, во случајов со предметите иницирани од СЈО имаме сосема поразлична временска рамка од предвидената. Имено, во просек, една главна расправа која не е од областа на организираниот криминал е закажувана за 55,8 дена, што упатува на бројка високо над поставениот рок од 30 дена. Кога станува збор, пак, за предмети од областа на организиран криминал, во просек тие се закажувани по истек на 70,9 дена или за десетина дена подоцна од предвиденото. Просечното време од поднесување на обвинителен акт во судот до закажување на расправа по повод овие предмети е 201 ден, односно нешто повеќе од 6 месеци.

Најголемиот процент од овие предмети и до денес се сè уште во фаза на постапување и тоа доминантен дел од нив во фаза на доказна постапка, а само 4 се правосилно завршени,[6] додека 3 се во фаза на жалбена постапка.[7] Завршените предмети, во принцип како и останатите „редовни" кривични постапки се завршени за неполна година, со тоа што предметот „Труст" е правосилно завршен за 8 месеци, предметот „Тифани" заврши во едно рочиште од причина што обвинетата ја призна вината, а предметот „Тврдина 2" правосилно не е завршен само за еден обвинет, додека пак за другите обвинети е правосилно завршен.

Погоре веќе напоменавме дека во Основниот кривичен суд се формирани 5 совети кои одлучуваат во постапки во кои е потребен совет од двајца судии, со дополнителни судии-поротници. Еден од овие совети има вкупно 6 предмети за постапување кога станува збор за предметите на СЈО. Во овие 6 предмети двајцата професионални судии се јавуваат наизменично како претседател и член на судечкиот совет, односно и двајцата судии се јавуваат како претседател на советот во 3 предмети и како член на судечкиот совет во останатите 3 предмети. Што значи, работејќи ги овие 6 предмети, овие судии во ниту еден момент не смеат да си дозволат да им се преклопат судењата за овие 6 предмети, а имајќи предвид дека судењата за предметите согласно Судскиот деловник би требало да се закажуваат на два дена, веројатноста од нивно „преклопување" е многу голема. Особено што овие предмети имаат многубројни материјални и вербални докази, чие изведување наложува подолго траење на самото рочиште, понекогаш и во текот на целиот работен ден, што значи дека овие двајца судии не би можеле во никој случај да постигнат да работат и други предмети кои се застапувани од другите обвинителства. Дополнително,

[6] „Труст", „Тифани", „Тврдина 2", „Тенк" (и „Тенк раздвоена постапка")
[7] „Тарифа", „Тревник" и „Триста"

неопходно е да се има предвид дека сите судии, според распоредите кои ги имаат, не судат секој ден во неделата, напротив, тие судат во текот на два работни дена, што би значело во просек по 8 дена месечно. Сличен случај има со уште еден совет, во кој двајцата судии имаат по два предмета, но фреквенцијата на закажување на овие предмети не е во таа мера динамична како на оние во претходно споменатиот совет.

Во овој момент од девет активни судии во Одделението за организиран криминал, тројца судии имаат по 3 предмети на СЈО, двајца судии по 2, двајца по еден предмет и уште двајца судии кај кои воопшто не се распределени овој вид на предмети. Двајца од судиите со по 3 предмети, како што веќе и споменавме, судат заедно во совет, меѓутоа третиот судија со 3 предмети суди во совет со судија кој не се јавува во ниту еден друг совет и нема ниту еден предмет на СЈО, што дополнително овозможуваше претседателот на овој совет интензивно да ги насочува предметите, во меѓувреме да води предмети кои не се застапувани од поранешното СЈО (како на пример 27 април), а при тоа два од предметите на СЈО веќе правосилно да ги заврши.

Она што ги прави овие постапки и предмети воопшто комплексни и со бројни предизвици се, од една страна, околностите под кои се поведени, а од друга страна, неколкумесечната „војна" на обвинителството кое ги иницираше со останатите државни институции во кои требаше да наиде на партнерство и соработка за сузбивање на организираниот криминал и корупција во државава, но напротив, тоа се соочи со бројни опструкции и затвореност за соработка, како и преголемиот обем на предложени докази, а очигледно тие не се исфилтрирани во доволна мера. Во голем дел од предметите судот се соочува со стотици материјални и вербални докази, кои во оваа фаза мора да ги изведе затоа што не реагирал навреме на обемот и суфициентноста на одредено количество од нив, па сега и по одржани повеќе од педесетина рочишта (предметот „Титаник"), доказната постапка сѐ уште не е завршена. Дополнително, судот покажува релативно ниско ниво на „будност" и внимание во предметите за кои се очекува да застарат, па нивното лошо менаџирање на крај резултира со решенија за одбивање на обвинение поради застареност на гонењето (предметот „Траекторија" за еден од обвинетите). А како дополнителен аргумент при одржување на лоша динамика на движењето на предметите се вбројува и честото повторно отпочнување на предметите поради проток на одреден временски период (предметите „Тендери" – два пати, „Транспортер", „Тотал", „Титаник 3", „Трезор", „Триста", „Општина Центар"). Од друга страна, одбраната во речиси сите предмети, без оглед на фактот дали тие имаат реални можности да застарат за една, две или многу повеќе години, ја користи секоја укажана прилика да го пролонгира процесот. Одбраната ги користи сите можни „адути" кои ги има на располагање – од отсуство на расправа поради влошена здравствена состојба на обвинет, на адвокат, на сведок, преку неопходноста од дополнително време за

спремање на одбрана или испрашување, до искористување на технички закони кои влијаат на примена на јазикот во кривичната постапка (предмет „ТНТ“).

Сите овие предуслови и дејствија на секој еден од чинителите во постапката влијае на околностите под кои се води постапката, како и на нејзината должина, ефикасност и економичност. Процесот на трансформација на Специјалното јавно обвинителство, односно на неговото „демонтирање“, исто така во иднина се очекува да има свое влијание во делот на ефикасноста и на самите обвинители кои ќе ги застапуваат предметите. Особено ако Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција не биде унапредено со човечки ресурси и јавнообвинителски кадар, а пред сè и со соодветна финансиска поддршка од буџетот.

Во насока на кадровската екипираност на јавни обвинители, согласно *Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства*[8] донесена од страна на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, предвидениот бројот на јавни обвинители на територијата на Северна Македонија изнесува 257 јавни обвинители. Сепак, бројките од Годишниот извештај на СЈОРСМ за 2018 г. покажуваат дека Јавното обвинителство во Северна Македонија функционира со намален број јавни обвинители за околу 20%. Имено, од предвидените 257 јавнообвинителски места, во 2018 година имало вкупно 193 обвинители. Состојбата е загрижувачка ако се имаат предвид новите овластувања на јавните обвинители согласно Законот за кривичната постапка. Па така наместо зајакнување и зголемување на кадрите на ЈОРСМ, неговите капацитети се намалуваат. Во еден дел ова се должи на природната селекција (исполнување на услови за старосна пензија), но во добар дел ваквата состојба е резултат на нефункционалноста на системот на регрутација и обука на кандидати за јавни обвинители. Дополнително, недоволниот број јавни обвинители во државата беше забележан и од Европската комисија. Во Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за 2019 година,[9] нотирано е дека Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција нема доволно јавни обвинители, односно дека се исполнети само 10 од предвидените 15 места.

Дополнително, од анализата на одобрениот буџет на Јавното обвинителство, најголемиот дел од буџетот се троши на плати и надоместоци и тоа за секоја анализирана година, над 50 односно 60 отсто од буџетот. Трошоците за стоки и услуги се константни во текот на анализираниот период и изнесуваат една третина

[8] Одлуката е донесена на 13.12.2019 г., објавена во Службен весник на РСМ број 18/19
[9] Достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf

од одобрениот буџет. Сепак, тоа што најмногу загрижува е процентот на одобрени средства за капитални инвестиции во јавните обвинителства кој варира помеѓу 4 и 5 отсто од вкупниот одобрен буџет за јавните обвинителства. Имајќи предвид дека капиталните расходи всушност претставуваат инвестиции за одржување и унапредување на зградите и опремата на јавните обвинителства, неопходно е да се препорача итно зголемување на средствата за овој вид трошоци.




## 1.3. Причини за одложување на рочиштата

Како што беше и претходно спомнато, предметите на СЈО носеа своја комплексност не само поради природата на кривичните дела кои се гонат туку и поради општествените околности и политичката клима во земјата, што само по себе придонесе овие предмети да се соочат со застои во сите фази од постапката. Сепак, доколку се погледне општата статистика за предметите на СЈО, можеме да забележиме дека тие се одржуваат многу почесто отколку останатите предмети кои се поврзани со корупција или организиран криминал. Така, според податоците на Коалицијата „Сите за правично судење“, досега во просек рочиштата за главна расправа од предметите на СЈО се одлагаат во нешто помалку од една третина од случаите, што е сосема спротивно од останатите случаи кои се водат пред Одделението за организиран криминал и корупција и кои според податоците на Коалицијата се одлагаат во речиси две третини од случаите. Меѓутоа и покрај ова, најголемиот дел од предметите на СЈО се наоѓаат во фаза на доказна постапка која трае повеќе од една година за сите овие предмети, а одлагањата во некои од предметите придонесоа и кон повторен почеток на главната расправа поради протек од 90 дена.

Како референтни предмети за потребите на оваа анализа ќе бидат земени предметите кои статистички имаат најголем процент на одложени расправи, како и

предметите кај кои судечкиот совет се преклопува со цел да се потенцираат проблемите кои се клучни за ефикасно и непречено водење на судските постапки.

Во поглед на одлагањата, а во прилог на тезата дека одбраната често знае да посегне кон одолговлекување на постапката, независно од тоа дали е во интерес на обвинетите или не, говори делот од статистиката според кој најголемиот број на одложени расправи е токму на барање на одбраната. Одлагањата на барање на одбраната ги опфаќаат отсуствата на обвинетите или нивните бранители од расправите, како и одлагањата кои се настанати поради други процесни дејства на одбраната, како што се барањата за подготовка на одбраната, вршење увид во доказите, барања за изземање на судија итн. Важно е да се напомене дека одлагањата поради отсуство на обвинетите не се пропорционални во сите предмети, па така во еден дел од предметите на СЈО кои имаат најдолг тек на постапката, обвинетите имаат отсуствувано многу малку или, пак, воопшто. Во предметите „Тарифа“, „Траекторија“ и „Тендери“ обвинетите немаат отсуствувано, додека пак во „ТНТ“, „Титаник“, „Топлик“ и „Транспортер“ се бележи минимално отсуство на обвинетите, или отсуство на помалку од 20% од рочиштата за главна расправа. Како вкупен просек на одлагања поради одбраната (отсуства, барања за одлагање и други активности поради кои настапило одлагање на расправата) за сите овие предмети е под 40%.[10] Ова би значело дека одлагањата на барање на одбраната се најголемиот индивидуален фактор за застој во постапките (за разлика од поведенијата на судот или СЈО), но сепак, доколку се земе предвид дека тие се под 40%, би значело дека најголемиот дел од нив се должат на комбинација од други фактори, па оттука би било избрзано да се заклучи дека одбраната е главниот виновник за одлагањата.

Од одлагањата кои се настанати како директна последица на поведенијата на одбраната, доминантно се издвојуваат причини како што е влошена здравствена состојба на обвинетите, како и службени обврски на обвинетите кои во голема мера сè уште се носители на јавни функции. Во сите случаи на отсуство на обвинетите лица, тие соодветно го оправдуваа со доставување на уредна медицинска документација и тоа најчесто доставена од самите бранители кои се присутни на рочиштето. Интересно е што во контекст на ова, судот многу ретко вложува напори да ја провери оправданоста за овие отсуства на обвинетите, особено во поглед на службените обврски на обвинетите лица. Битно е да се напомене дека судот мора да направи градација на службените обврски на обвинетите лица и имајќи предвид дека и тој самиот е столб на власта паралелен на Собранието и на Владата, да ги прифаќа само оние отсуства на обвинетите кои се неопходни за функционирањето на

[10] Процентот се однесува на вкупниот просек за сите предмети опфатени во оваа анализа, додека пак одлагањата се движат од 0% во „Тенк“ до 100% во „Талир“

останатите столбови на власта. Оттука, сосема прифатливо и разбирливо е отсуството поради обврски како што е гласање на битни закони или закони чие недонесување може да предизвика поголема штета во општеството, но овие службени обврски најчесто им се познати на самите обвинети од претходно, па поради тоа судот може да направи обиди за поуспешна координација и менаџирање на распоредот на закажани рочишта за главна расправа, со цел да се избегне преклопување на рочиштата со ваквите итни и неодложни обврски на обвинетите. Во контекст на ова е и мислењето на Европскиот парламент на ЕУ, според кое судот треба да постигне правична рамнотежа помеѓу ефикасноста на постапката и извршувањето на официјалните функции во државата кои се предвидени со Уставот, при што судот е должен да го примени критериумот на легитимни цели и пропорционалност.[11]

Од друга страна, согласно и со практиката на ЕСЧП, правото на едно лице да биде присутно на судењето не е апсолутно и затоа од особена важност е судот да утврди дали отсуството на обвинетото лице е поради негово доброволно откажување од ова право, или пак обвинетиот не можел да влијае на причините поради кои се случило неговото отсуство. За жал, ЗКП не нуди посебни и прецизни процесни можности и овластувања на судот за проверување на оправданоста на отсуството на обвинетите лица, ниту пак нуди дефиниции за тоа кога едно отсуство се смета за оправдано. Единствената опција која ја нуди ЗКП е присилното доведување и можноста за определување притвор во случаите кога обвинетото лице намерно избегнува да присуствува на расправата, но во овој случај мора да постојат јасни докази дека лицето намерно отсуствува од расправата. Од друга страна, токму поради „лабавите“ формулации во ЗКП, како и отсуството на забрани судот да ги препроверува наводите и документацијата доставена од одбраната во поглед на оправданоста на отсуствата, судот треба да земе многу поактивна улога во менаџирањето на расправите и координацијата со сите учесници во постапката како би се избегнале непотребни одолговлекувања на постапките. Имајќи го ова предвид, судовите мора да постапуваат со должно внимание во овие ситуации со цел да не се постави несоодветна судска практика која би била прифатена од другите судови, а би била во насока на неефикасност и тромавост на постапувањето на судот.

Сепак, одлагањата што се настанати по барање на одбраната, не секогаш се директно последица на поведението на обвинетите или бранителите. Така, солиден процент од одлагањата во овие предмети, особено оние кои се настанати на почетокот на судските процеси, односно пред започнување на доказната постапка, се должат на немањето соодветно време и услови за подготовка на одбраната. Како

[11] http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/IDAN/2015/536461/IPOL_IDA(2015)536461_EN.pdf

главна причина за ова се реакциите на одбраната дека не им бил даден пристап до сите докази во предметот, или пак дека немале доволно време да се запознаат со доказниот материјал, особено во предметите каде има предложено голем број докази од страна на СЈО. Во оваа насока навистина е неразбирливо како и судот и обвинителството дозволиле да се доведат во ситуација одбраната да нема соодветен пристап до доказите и соодветни услови за подготовка на одбраната пред почетокот на судската постапка, особено доколку се земе предвид дека и ЗКП и ЕКЧП предвидуваат обвинетиот да биде запознаен со сите докази кои одат во прилог на докажување на вината, како и со доказите кои одат во прилог на ослободување од одговорност. Токму поради неисполнувањето на овие обврски, пред сè од обвинителството, а потоа и од судот, одлагањата кои настануваат во понатамошниот тек на постапката поради барањата на одбраната за дополнително време за запознавање со доказите, не може да се сметаат како одлагања кои настанале поради поведенијата на одбраната.

Уште еден предизвик во менаџирањето на постапките, покрај претходно опишаните проблеми со преклопување на судиите во повеќе предмети, е и преклопувањето на повеќе обвинети, но и повеќе бранители во неколку од предметите на СЈО. Иако преклопувањето на термини за две судења каде има ист обвинет се во суштина меѓу најмалите причини за одлагање, нивното постоење во релативно мал број предмети укажува на преголемата пасивност на судот во неговата улога како менаџер и координатор на динамиката и распоредите на одвивање на сите дејствија во постапките кои се во судска фаза. Интересно е и што не постои корелација помеѓу бројот на обвинетите лица во предметот и фреквенцијата или веројатноста на преклопување на термините за судења. Дополнително, судот сè уште нема преземено никакви дејства за унапредување на координацијата на судиите помеѓу себе, ниту пак за проактивно вклучување на претседателот на судот во одлучувањето на тоа дали определени предмети ќе се сметаат како приоритетни согласно Судскиот деловник. Иако за нијанса е помалку сериозна, слична е ситуацијата и со преклопувањето на различни предмети каде се јавува истиот бранител. Ваквата ситуација е утврдена како проблематична уште пред да започне СЈО со работа, но ниту судот, ниту обвинителствата, ниту пак Адвокатската комора имаат направено обиди за изнаоѓање практични решенија, како што би било интегрирањето на распоредите за работа на сите засегнати страни со цел полесна координација и избегнување на преклопување.

На гореопишаните фактори за одлагање на постапките се надоврзуваат останатите фактори кои се во целосна надлежност на судот, како што непотполниот судечки совет, или отсуство на судија поединец, промена на членови на судечкиот совет, немањето технички или просторни услови за работа, насрочување на рочиште пред да биде изготвено вештачењето кое треба да се изведе на рочиштето итн.

Според статистиките на Коалицијата, речиси 25% од сите одлагања се настанати поради немање соодветни технички или просторни услови, или пак поради отсуството на член на судечкиот совет, односно во речиси една четвртина од одложените расправи одлагањето било директна последица на поведението на судот. Еден дел од одлагањата настанати поради отсуство на член на судечкиот совет се должат на преклопувањето на термините за предмети каде се јавува истиот судија, а забележани се и друг тип отсуства на судиите. Во голема мера на ова може да се надоврзе и промената на кадарот во Одделението за организиран криминал и корупција, кое почнувајќи од 2018 година работи со 3 судии помалку, што е намалување на кадарот на ова одделение за 25%.

Она што исто така се наметна како горлива тема, а исто така се однесува на менаџирање на човечките ресурси беше промената на членовите на судечките совети. Освен во еден предмет („Титаник 3“) каде професионалниот судија се иззема од постапување пред крајот на самата постапка, во сите други случаи беше направена промена на судија-поротник. Особено беше проблематичен мандатот на еден поротник кој беше член на советот во четири предмети на СЈО („ТНТ“, „Титаник“, „Монструм“ и „Талир“), за што во јавноста се појавија различни толкувања за тоа дали и како треба да постапи судот во оваа ситуација. Проблемот со мандатот на поротникот го истакнаа адвокатите во еден од предметите и тие напоменаа дека на поротникот му е истечен 4-годишниот мандат, како и дека за него веќе претходно настапила старосната граница за извршување на функцијата судија-поротник. Постапувањето на судот, но и на Судскиот совет, во оваа ситуација беше многу пасивно и почна да презема мерки за надминување на ситуацијата дури откако овие проблеми се посочија во јавноста. Преземените дејства од страна на судот во голема мера беа само декларативни и се обидуваше да изнајде некакво компромисно решение преку примена на одредби од Законот за работни односи, а Судскиот совет никогаш не се произнесе по оваа ситуација. Поголем дел од времето Судскиот совет и судот беа вклучени во преписки и јавни дебати со адвокатите, отколку што беше посветено внимание за надминување на оваа ситуација и изнаоѓање решенија за идно избегнување на вакви исти или слични ситуации. Конечниот епилог беше повлекување на поротникот од функцијата, а со тоа и неизбежниот повторен почеток на овие постапки, со што вкупно 15 постапки на СЈО ќе имаат свој повторен почеток, независно дали ќе биде само формален или со повторно изведување на сите докази.

Од аспект на менаџирањето на текот на постапките, во неколку наврати судот немаше обезбедено соодветни просторни и технички услови за одржување на судењата, што делува како особено несериозно постапување од страна на судот бидејќи постоеше голем јавен интерес со кој се проследија овие постапки и судот морал да обезбеди соодветни услови за одржување на расправите. Во контекст на ова, за одбележување е и стапката на одлагање од над 20% поради необезбеден

сведок, вештак или вештачење. Иако согласно новиот модел на адверсаријална кривична постапка сведоците се повикуваат како доказно средство на секоја од странките којашто ги предлага, кај дел од стручната јавност се појави мислење дека токму поради ползата од доказното средство која би ја имала странката која го предлага сведокот, дека таа би требало да направи обиди да го обезбеди, сепак судот не може да биде изземен од одговорност во случаите кога има отсуство на сведоци или вештаци. Согласно ЗКП судот е тој кој е должен да го обезбеди непречениот тек на постапката, а согласно практиката на ЕСЧП судот мора да направи сè што е во негова надлежност и да ги исцрпи сите средства кои ги има на располагање со цел да може да биде апстрахиран од одговорноста и причините за одлагање да бидат припишани на останатите учесници во постапката.

Така, доколку се погледнат комбинирано сите одлагања на рочиштата кои настанале како директна последица на поведението на судот (25% поради немање соодветни услови или отсуство на член на совет), или пак како индиректна последица на недоволната посветеност и ангажираност во менаџирањето и координирањето на процесите (20% поради необезбедување на вештаци, сведоци и вештачења) ќе забележиме дека поведението на судот е причина за одлагањата во 45% од случаите, за разлика од 40% одлагања поради поведението на одбраната.

Поведението на СЈО се јавува како најмала причина за одлагање, што во голема мера е поинакво од статистиката на останатите обвинителства, каде отсуството на обвинителот е втора причина за одлагање, веднаш зад отсуството на одбраната. Само во 10% од случаите кога имало одлагање, тоа се направило поради поведението на јавните обвинители и тоа во најголем број од овие случаи се случило поради расформирањето на СЈО и преземањето на предметите од страна на ЈОРМ, односно не настапуваат како последица на поведението на обвинителите, туку како последица на немањето политичка волја за надминување на проблемите и контроверзиите со СЈО и неговата иднина. Сепак, во одредена мера и поведението на СЈО придонесува кон развлекување на динамиката со која се одвиваат овие процеси, поточно со предлагањето на огромен број докази. Причините за ваквото постапување од страна на СЈО не се официјално соопштени, но неформално станува збор за последица на желбата и обидот да се остави подобра слика за транспарентно работење, па така СЈО ги има предложено сите докази со кои располага, а кои се однесуваат на конкретен предмет со цел да нема сомнежи за прикривање на докази. За жал, ова резултираше со случаи каде има предложено 2000 материјални докази („Транспортер"), 100 сведоци („Таргет/ Тврдина") и 200 сведоци и 6000 материјални докази („Титаник") со што е поставен својевиден преседан во постапувањето на јавните обвинителства. Сепак, она што исто така е битно да се напомене во оваа ситуација е фактот што судот, при оцена на обвинителниот акт како и на самата главна расправа, ги има прифатено сите докази кои се предложени од

СЈО, независно на кои околности се однесуваат и не земајќи ги предвид економичноста и експедитивноста на постапката, кои впрочем се главниот аргумент за одбивање на предложените докази на одбраната, особено доколку станува збор за ист сведок предложен од двете страни. Големиот број на докази неминовно влијае на текот на постапката и брзината со која се одвиваат судењата, но во тој поглед битно е да се напомене дека сите истраги беа завршени за помалку од две години од формирањето на СЈО, а за тој период беа прибрани и обработени сите докази кои сега се предложени. По таа аналогија, судот не би требало да има потешкотии да ги изведе доказите во законски предвидената постапка дури и за пократок период од траењето на истрагата, но во овој случај и до овој момент судските постапки, дел од кои немаат ни првостепена пресуда, траат значително подолго од самите истраги.

### 1.4. Својството на обвинетите лица во постапките

Својството на обвинетите во овие предмети мора да биде земено предвид при разгледување на постапувањето на сите засегнати страни, бидејќи за прв пат македонското судство се среќава со толку многу предмети од ваква природа. Во најголемиот дел од предметите обвинетите се високи поранешни или сегашни функционери или истакнати лица од политичкиот живот, а делата кои им се ставаат на товар се дела со кои нашите судови и обвинителства немаат искуство. Ова е од особена важност кога се анализира предметот „Талир“ каде како обвинето лице за првпат се наоѓа политичка партија, и тоа најголемата политичка партија во државата. Конкретниот предмет сè уште не влезен во доказна постапка и бележи многу висок степен на одложени рочишта (100% одложеност, најголем дел од нив како последица на одбраната), иако станува збор за случај каде е замрзнат дел од имотот на политичката партија, што според воспоставената практика и Судскиот деловник би требало да претставува основа за приоретизирање на конкретниот предмет. Ситуацијата е дополнително искомплицирана со барањето за конфискација на нелегално стекнатиот имот на партијата, а со оваа мерка домашните органи имаат само ограничени искуства кои се однесуваат на многу помали износи конфискувани од далеку понепознати сторители. Поради овие причини, судот ретко се осмелува да „пресече“ и да не ѝ дозволи на одбраната да бара понатамошни одлагања за да не настапи евентуална повреда на некое од процесните права што би можело да резултира со повторување на постапката, дополнителни трошоци и евентуално оштетување на буџетот на РСМ како последица на исплаќањето на отштета поради повреда на постапката, но и поради впечатокот кој би се оставил во јавноста, повторно, имајќи предвид дека се работи за најголемата политичка партија во државава.

Во поглед на обвинетите физички лица, пак, не може да се забележи одреден тренд на постапување на судот или обвинителството кој е поврзан со функцијата или

личните својства на обвинетите, па така еден од најбрзо решените предмети е токму предметот („Тенк“) во кој обвинет е поранешниот премиер на РСМ (кој сега е во бегство), додека пак дел од предметите каде се обвинети лица кои не се носители на функции (пр. „Тотал“ каде обвинет е новинар и неколку правни лица) е предмет со најмногу одлагања и најмалку преземени процесни дејства иако двете судења („Тотал“ и „Тенк“) беа започнати речиси во ист временски период.

# Дел 2: Измени на Кривичниот законик и ефектот врз предметите на СЈО

## 2.1. Што донесоа измените? – Анализа на законската рамка

На крајот од 2018 година година беше донесен Законот за измени и дополнувања на Кривичниот законик на РМ, кој стапи на сила во јануари 2019 година.[12] Дел од интервенциите предвидени со Законот беа позитивни и суштински измени на кривично-правната материја, особено долгоочекуваните измени за соодветно гонење и санкционирање на кривичните дела сторени од омраза, како и воведување на нови одредби за заштита на сведоците и одредби за санкционирање на попречувањето на правдата. Меѓутоа, дел од измените и дополнувањата, без да бидат оправдани соодветно како од предлагачите така и од законодавецот, оставија простор за шпекулации, особено околу вистинската причина за нивното носење. Во таа насока стапија на сила измените и дополнувањата во поглед на членот 40 (Ублажување на казната), членот 275-в (Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство) и членот 279-а (Даночна измама).

Причината зошто овие измени и дополнувања предизвикаа реакција од страна на граѓанскиот сектор и експертската јавност, покрај фактот што потребата од овие измени воопшто не беше образложена, меѓу другото е и влијанието врз тековните предмети на висока корупција покренати од Специјалното јавно обвинителство.

Со измените и дополнувањата на КЗ, со член 279-а се воведе навидум ново кривично дело „Даночна измама“. Ако се анализираат детално членовите стипулирани подолу, може да се види дека станува збор за криминализирање на исти дејствија. Па така, во чл. 279 се пропишува казна за секое лице кое делумно или целосно ќе одбегне да плати данок или друга давачка преку давање лажни податоци за своите приходи, додека новововедениот член 279-а пропишува казна за секое лице кое со цел да стекне имотна корист ќе го доведе органот во заблуда преку давање

[12] Закон за измени и дополнувања на Кривичниот законик на РМ, Службен весник на РСМ 248/2018 од 31.12.2018

лажни податоци и ќе бара намалување на обврската за плаќање данок, или пак ќе бара поврат на данок. Евидентно дека овие членови инкриминираат идентични дејствија и дека и двете дела се однесуваат на даночни проневери од поголема вредност. Меѓутоа, законодавецот сметал дека и покрај тоа што станува збор за инкриминација на исти и идентични дејствија, треба да има две посебни кривични дела, кои за исти казниви дејствија ќе предвидуваат различен степен на казнување. Па така, за веќе постоечкото кривично дело „даночно затајување" законодавецот имаше предвидено казна затвор од 6 месеци до 5 години, додека со новото кривично дело од член 279-а „даночно затајување" за исти дејствија законодавецот пропишал драстично пониска санкција од 6 месеци до 3 години.

### Даночно затајување

### Член 279

Тој што со намера самиот или некој друг да одбегне целосно или делумно плаќање данок, придонес или некоја друга давачка на која е обврзан со закон, дава лажни податоци за своите приходи или за приходите на правното лице, предметите или другите факти од влијание за утврдување на износот на ваквите обврски или тој што со иста намера во случај на задолжителна пријава не пријави приход, односно предмет или друг факт од влијание за утврдување на ваквите обврски, а износот на обврската е од поголема вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години и со парична казна.

### Даночна измама

### Член 279 – а

Тој што со намера за себе или за друг да стекне противправна имотна корист, на даночниот орган ќе му даде лажни податоци во даночната пријава, со што ќе го доведе во заблуда даночниот орган, со цел неосновано да побара враќање на данок или намалување на обврска за данок, од поголема вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

Се чини дека законодавецот при воведување на новото кривично дело не успеа да даде одговор на суштински прашања кои можат да се појават при нивната примена, во смисла како практичарите, односно обвинителите и судиите ќе ги разберат и како ќе ги применуваат овие два члена од КЗ. Дополнително, законодавецот не земал предвид дали во практика овие два члена може да доведат до сериозно нарушување на правната сигурност на граѓаните и нееднаква примена

на конкретните одредби од Законот, преку селективно и нееднакво постапување во зависност од тоа кој треба да одговара за ваквите дела. Најважно, во ниту еден дел од проценката на влијанието на регулативата (ПВР) при носење на овие измени, законодавецот не се одважи да даде образложение за оправданоста за воведување на казнена политика која поблаго ќе ги третира даночните проневери.

Доколку го анализираме овој член од аспект на тековни предмети, квалификацијата на обвинението во предметот „Тотал", која гласи: *„Обвинетиот Д.П.Л. како сопственик и управител на ДМ Т.М.А. ДООЕЛ С. со намера тој и друштвото да одбегнат делумно плаќање на даноци (со цел да се стекнат со противправна имотна корист н.з.), во книговодствената евиденција на друштвото, завршните сметки и даночните пријави давал лажни податоци за фактите од влијание за утврдување на износот на даночните обврски (со што го довел во заблуда даночниот орган, н.з.),* истата може да се подведе под двата члена. Тоа значи дека во конкретниот случај постои можност не само јавното обвинителство да го преквалификува делото во обвинението, туку и можност судот при носење на пресудата да ја измени правната оцена на делото согласно член 398, став 2 од ЗКП. Во тој случај, со намалување на казната, ќе бидат намалени и роковите за застареност, со што во конкретниот случај ќе настапи апсолутна застареност за делата сторени пред 2013 година. Застареноста се јавува од причина што новиот член предвидува казна затвор <u>до 3 години</u>, што значи дека согласно член 107, став 5 од КЗ, релативната застареност ќе настапи за 3 години, а апсолутната застареност согласно член 108, став 6 ќе настапи за 6 години.

Иако, во конкретниов случај, обвинението го квалификува делото како продолжено кривично дело согласно член 45 од КЗ, според што би требало да се смета дека застарувањето настапува со последното преземено дејствие, односно од 15.03.2016 година, сепак судот може да оцени дека не станува збор за продолжено кривично дело и да смета дека поединечните дела сторени од 2008 па заклучно со 2013 година се застарени.[13] Овој член би можел да има и далекусежни последици кои ќе влијаат не само на работата на обвинителствата и судовите, туку и на работата на останатите органи кои треба да се справуваат со економскиот криминалитет, односно криминалот на „белите јаки".

---

[13] Види повеќе: Пресудата Кзз. бр. 7/2007 од 28.03.2007 г. на Врховниот суд „Временската поврзаност како елемент на продолженото кривично дело, не може да се конвалидира по протек на неколку месеци сметано од едно дејствие до друго дејствие.", како и пресудата Квп. бр. 56/2013 од 30.04.2013 на Врховниот суд „Од содржината на наведената законска одредба (чл. 45 од КЗ, н.з.), може да се заклучи дека постојани конститутивни елементи на поимот продолжено кривично дело, кои треба кумулативно да постојат, се: идентитетот на сторителот, истородноста на дејствијата во серијата и временската поврзаност."

Во членот 275-в од КЗ, измените се во ставот 3, каде што зборот „пет“ се заменува со зборот „четири“, а се однесува на минималната утврдена казна за тоа конкретно кривично дело. Конкретно овие измени се поврзани со предметот „Труст“ кој се однесува на конкретниот член и став (чл. 275-в, став 3) опфатен со измените на КЗ, а предупредувањата се однесуваат на намалувањето на минималната казна на 4 години затвор, кое отвора можност на обвинетите во овој случај казната да им биде ублажена на 2 години, па следствено на тоа, а согласно со член 50 од КЗ, на обвинетите да им биде изречена условна казна. Воедно, директно се влијае на можноста за побрзо застарување на кривичното дело. Последиците од оваа измена директно се одразуваат врз предметот на СЈО познат како „Труст“, односно делата наместо да застарат во 2031 година, ќе застарат во 2021 година.

Членот 40 од КЗ, кој ги регулира границите на ублажувањето на казната под законски предвидената, беше изменет со најновите измени на КЗ од декември 2018, така што беше вратена старата нејасна формулација во ставот 2 од членот, а која гласи дека судот може да определи санкција под законски пропишаниот минимум кога „*ќе утврди дека постојат особено олеснувачки околности кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето*“. Оваа формулација беше тргната од КЗ во 2013 година токму поради невоедначената судска практика и недоволната аргументација за постоењето на особено олеснувачки околности од страна на судовите кога се одлучуваа да го применат овој член, а исто така беа воведени и јасни критериуми за тоа кога казната може да биде ублажена под законскиот минимум.

Владата предлагаше и измени и на членот 353 од КЗ, кој се однесува на злоупотреба на службената должност и овластување, но под притисок на јавноста се откажа од ваквиот предлог. Доколку го усвоеше, тоа ќе значеше застарување на уште неколку случаи на СЈО.

# ЗАВРШНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Недостигот на судии во Основниот кривичен суд во Скопје, нерамномерното распределување на предметите, пасивната улога на судот во менаџирањето на расправите, ограниченоста на капацитетите на ОЈОГОКК, носењето на законски измени на системски закони по брза постапка без соодветна проценка на влијанието на измените се само дел од факторите кои влијаат на околностите под кои се води постапката, како и на нејзината должина, ефикасност и економичност.

Со цел унапредување на ефикасноста на кривичната правда, неопходна е сериозна заложба на државата за санирање на недостатоците, особено од аспект на кадровска екипираност, материјални услови и поголем буџет на специјализираните одделенија во судот и јавното обвинителство за гонење на висока корупција. Уште еден предизвик во менаџирањето на постапките, покрај претходно опишаните проблеми со преклопување на судиите во повеќе предмети, е и преклопувањето на повеќе обвинети, но и повеќе бранители во неколку од предметите на СЈО. На гореопишаните фактори за одлагање на постапките се надоврзуваат останатите фактори кои се во целосна надлежност на судот, како што непотполниот судечки совет, или отсуство на судија-поединец, промена на членови на судечкиот совет, немањето технички или просторни услови за работа, насрочување на рочиште пред да биде изготвено вештачењето кое треба да се изведе на рочиштето итн.

Препораките кои произлегуваат од оваа анализа се:

- Обезбедување соодветен број на судии согласно систематизација, со цел обезбедување непречена и оптимална работа на судот;
- Рамномерно распределување на предметите, со цел оптимално искористување на човечките ресурси со кои располага судот, што би резултирало со ефикасно и економично водење на постапките;
- Унапредување на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со човечки ресурси и јавнообвинителски кадар, а пред сè и со соодветна финансиска поддршка од буџетот;
- Преземање на поактивна улога на судот во менаџирањето на расправите и координацијата со сите учесници во постапката како би се избегнале непотребни одолговлекувања на постапките.

# АНЕКС I

## ТАЛИР




## ТНТ




## ТЕНК
## (раздвоена постапка)




## ТОПЛИК



# ТЕНК




# ТИТАНИК




# ТЕНДЕРИ




# ТРИСТА



# ТИТАНИК 2




# ТРАНСПОРТЕР



